Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24 и 233/24), член 36 став (1) точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02") и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2025 година

**ВОВЕД:**

### Општ дел

Согласно Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24 и 233/24), градежното земјиште, може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, на домашни и странски физички и правни лица.

Сопственоста врз градежното земјиште создава права и обврски и служи за доброто на сопственикот и на заедницата.Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето, користење на земјиштето и право на пренесување на правото на градење на други лица.Правото на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се стекнува врз основа на правно дело, по претходно донесена одлука од страна на Советот или врз основа на судска одлука.

Сопственоста врз градежното земјиште на општините вклучува право на градење, користење на земјиштето, право на пренесување на правото на градење на други лица и право на отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Со Одлука бр.51-5084/1 од 28.09.2011 година ("Службен весник на РМ бр.140/11), Владата на Република Македонија ја пренесе надлежноста за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на општина Гевгелија кое се наоѓа на нејзиното подрачјето, согласно исполнетите услови од член 99 од Законот за градежно земјиште.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што со него е трајно поврзано а се наоѓа на површината или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено или неизградено, уредено или неуредено.Изграденото градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација со приклучоци до границите на градежната парцела.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии што граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура и истата може да се состои од една или повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот до реализација на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект.

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации.

Прометот на градежното земјиште е слободен.Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, да се дава на користење (концесија или јавно приватно партнерство), да се дава под долготраен и краткотарен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на териториојата на општина Гевгелија дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарската 2025 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните локалитети:

**1.А1 -Индидуално домување**

- Гевгелија, дел од блок 5 (5.3 и 5.6) – “Касарна“, уреден со Детален урбанистички план за блок 5 (5.3 и 5.6), Одлука бр.07-1910/1 од 24.10.2013 година;
- Гевгелија, дел од блок 6 (6.1 и 6.2) – “Мрзенски рид“, уреден со Детален урбанистички план за блок 6 (6.1 и 6.2), Одлука бр.09-2459/1 од 30.09.2015 година;
- Гевгелија, дел од блок 9 (9.1 и 9.2) – “Караорман“, уреден со Детален урбанистички план за блок 9 (9.1 и 9.2), Одлука бр.07-1668/1 од 29.08.2014 година;
- Населено место Прдејци, уреден со Урбанистички план за село Прдејци, Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015;
- Населено место Богородица, уреден со Урбанистички план за село Богородица, Одлука бр.09-360/1 од 10.02.2016 година;

**2. А2 -Колективно домување**

- Гевгелија, дел од блок 4 (4.4), уреден со Детален урбанистички план за дел од блок 4 (4.4), Одлука бр.09-144/1 од 21.01.2016 година;
- Гевгелија, блок 5 (5.3 и 5.6), уреден со Детален урбанистички план за блок 5 (5.3 и 5.6), Одлука бр.07-1910/1 од 24.10.2013 година;

**3. Б- (Б2)-Големи трговски единици, (Б3)-Големи угостителски единици, (Б5)-Хотелски комплекси**

- Гевгелија, дел од блок 6 (6.1 и 6.2) – "Мрзенски рид", уреден со Детален урбанистички план за блок 6 (6.1 и 6.2), Одлука бр.09-2459/1 од 30.09.2015 година;
- Гевгелија, дел од блок 9 (9.1 и 9.2) – "Караорман", уреден со Детален урбанистички план за блок 9 (9.1 и 9.2), Одлука бр.07-1668/1 од 29.08.2014 година
- Гевгелија, блок 10 (10.1; 10.3; 10.4 и 10.5) донесен со Одлука на Советот на општина Гевгелија, Одлука бр.07-1667/1/1 од 12 и 13.09.2013 година;

**4. Г-Лесна индустрија и мало стопанство**

- Гевгелија, дел од блок 14 (14.1 и 14.2), уреден со Детален урбанистички план за блок 14 (14.1 и 14.2), Одлука бр.09-2180/1 од 27.08.2015 година;
- Гевгелија, Блок 12, уреден со Детален урбанистички план за блок 12 (Одлука бр. 09-1451/1 од 25.11.2024 година
- Стопанска зона "Блокотехна" –Негорци, уреден со Детален урбанистички план за за стопанска зона "Блокотехна" –Негорци (Одлука бр.09-54/1 од 04.02.1993 година), разработен со Урбанистички проекти со план за парцелација, Одлука бр.09-807/1 од 18.06.2024 и Одлука бр.09-1352/1 од 30.10.2024 година
- Населено место Прдејци, уреден со Урбанистички план за село Прдејци, Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015;

**Б) Основи за изработка на програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија:

Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24 и 233/24), Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп и засновањето на право на стварна службеност („Службен весник на РМ“ бр.163/16, 190/17 и 201/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.129/21 и 99/22) и Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021 и 5/2021).

- **Основни плански документи**

Документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- Генерален урбанистички план на град Гевгелија измени и дополнување за плански период од 2012 до 2022 година, Одлука бр.07-1436/1 од 16.07.2012 година;

- Детален урбанистички план за блок 9 (9.1 и 9.2), донесен со Одлука на Советот на општина Гевгелија бр.07-1668/1 од 29.08.2014 година;
- Детален урбанистички план за блок 5 (5.3 и 5.6), донесен со Одлука на Советот на општина Гевгелија Одлука бр.07-1910/1 од 24.10.2013 година;
- Детален урбанистички план за блок 6 (6.1 и 6.2), донесен со Одлука на Советот на општина Гевгелија Одлука бр.09-2459/1 од 30.09.2015 година;
- Детален урбанистички план за дел од блок 4 (4.4), донесен со Одлука на Советот на општина Гевгелија, Одлука бр.09-144/1 од 21.01.2016 година;
- Детален урбанистички план за Блок 10 (10.1; 10.3; 10.4 и 10.5) донесен со Одлука на Советот на општина Гевгелија, Одлука бр.07-1667/1/1 од 12 и 13.09.2013 година:
- Детален урбанистички план за блок 14 (14.1 и 14.2), донесен со Одлука на Советот на општина Гевгелија Одлука бр.09-2180/1 од 27.08.2015 година;
- Детален урбанистички план за блок 12 КО Гевгелија, донесен со Одлука бр.09-1451/1 од 25.11.2024 година;
- Детален урбанистички план за стопанска зона “Блокотехна“ –Негорци, донесен со Одлука бр.09-54/1 од 04.02.1993 година разработен со Урбанистички проекти со план за парцелација, Одлука бр.09-807/1 од 18.06.2024 и Одлука бр.09-1352/1 од 30.10.2024 година
- Урбанистички план за село Прдејци, донесен со Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015 година;
-Урбанистички план за село Богородица, донесен со Одлука бр.09-360/1 од 10.02.2016 година

Просторната организација на градот подразбира дефинирање на одделни урбани содржини и инфраструктурни системи во рамките на комплексниот социоекономски и просторен систем на градот.Преку усвоените модели во чии рамки ќе се одвива развојот на најважните градски функции се предвидува подобрување на стандардот на домување, просторно дооформување на стопанските зони и нивно инфраструктурно екипирање, просторна дисперзија на нестопанските дејности и функции на општествената надградба, оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување, екипирање на градот со комунални инфраструктурни системи, прилагодување на сообраќајниот систем, заштита на културно-историското и градителско наследство на градот и примена на системот за управување на животната средина.

**ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:**

1. **Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**

  Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтересираните граѓани на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/ локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење и решавање на станбеното прашање.

Искористување, заживување и задоволување на потребите од создавање на услови градежниот сектор кој во последниот период е двигател на економскиот развој на општината.

2. **Обем и преглед на градежното земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

- Графички прилог со одбележени градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање на тоа населено место/локалитет идентификувани со број на градежни парцели
- Детален преглед на градежни парцели ( по населено место и по урбанистички план).

а) Табела на градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање

- **Детален урбанистички план за дел од блок 4 (4.4) Гевгелија**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развина површина | Процент на изграденост % | Коеф. на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 53 | 1009 | А2 Домување во станбени згради | КП бр.5967/2 КО Гевгелија | 277 | 1385 | 27,45 | 1.37 | 13.2 | П+3+Пк |
| 2 | 56 | 1444 | А2 Домување во станбени згради | КП бр.5960/1 КО Гевгелија | 443 | 2658 | 30,68 | 1.84 | 16,2 | П+4+Пк |

- **Детален Урбанистички план за Блок 5 (5.3 и 5.6) Гевгелија**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развина површина | Процент на изграденост % | Коеф. на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5.3.96 | 310 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 138 | 552 | 44,50 | 1.78 | 10.2 | П+2+Пк |
| 2 | 5.3.101 | 460 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 208 | 832 | 45,2 | 1.80 | 10.2 | П+2+Пк |
| 3 | 5.3.102 | 439 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 188 | 752 | 42,8 | 1.71 | 10.2 | П+2+Пк |
| 4 | 5.3.103 | 441 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 162 | 648 | 36,7 | 1.46 | 10.2 | П+2+Пк |
| 5 | 5.3.104 | 457 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 167 | 668 | 36,5 | 1.46 | 10.2 | П+2+Пк |
| 6 | 5.3.105 | 262 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 127 | 508 | 47,56 | 1.90 | 10.2 | П+2+Пк |
| 7 | 5.3.106 | 301 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 141 | 564 | 46,8 | 1.87 | 10.2 | П+2+Пk |
| 8 | 5.3.115 | 292 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 121 | 484 | 41,44 | 1.56 | 10.2 | П+2+Пк |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 5.3.116 | 363 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 146 | 584 | 40,2 | 1.6 | 10.2 | П+2+Пк |
| 10 | 5.3.117 | 425 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 182 | 728 | 42,8 | 1.71 | 10.2 | П+2+Пк |
| 11 | 5.3.132 | 494 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр. 6727/26 КО Гевгелија | 259 | 1036 | 52,4 | 2.09 | 10.2 | П+2+Пк |
| 12 | 5.3.164 | 341 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 155 | 620 | 45,4 | 1.81 | 10.2 | П+2+Пк |
| 13 | 5.3.165 | 499 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7506 КО Гевгелија | 240 | 960 | 48,0 | 1.92 | 10.2 | П+2+Пк |
| 14 | 5.3.166 | 460 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7506 КО Гевгелија | 246 | 984 | 53,4 | 2.13 | 10.2 | П+2+Пк |
| 15 | 5.3.167 | 437 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 247 | 988 | 56,5 | 2.26 | 10.2 | П+2+Пк |
| 16 | 5.3.168 | 452 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 239 | 956 | 52,8 | 2.11 | 10.2 | П+2+Пк |
| 17 | 5.3.169 | 574 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 265 | 1060 | 46,1 | 1.84 | 10.2 | П+2+Пк |
| 18 | 5.3.172 | 548 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 268 | 1072 | 48,9 | 1.95 | 10.2 | П+2+Пк |
| 19 | 5.3.173 | 499 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 233 | 932 | 51,8 | 2.07 | 10.2 | П+2+Пк |
| 20 | 5.3.174 | 350 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 159 | 636 | 45,4 | 1.81 | 10.2 | П+2+Пк |
| 21 | 5.3.175 | 352 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 160 | 640 | 45,4 | 1.81 | 10.2 | П+2+Пк |
| 22 | 5.3.176 | 356 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 158 | 632 | 44,1 | 1.77 | 10.2 | П+2+Пк |
| 23 | 5.6.8 | 1979 | А2 Домување во станбени згради | КП бр.6727/1 КО Гевгелија | 910 | 4550 | 43,70 | 2.29 | 15.5 | П+4 |
| 24 | 5.6.9 | 1968 | А2 Домување во станбени згради | КП бр.6727/1 КО Гевгелија | 860 | 4300 | 43,70 | 2.18 | 15.5 | П+4 |
| 25 | 5.6.10 | 2391 | А2 Домување во станбени згради | КП бр.6727/1 КО Гевгелија | 1053 | 5265 | 44,04 | 2.20 | 15.5 | П+4 |
| 26 | 5.6.11 | 2741 | А2 Домување во станбени згради | КП бр.6727/1 КО Гевгелија | 1158 | 5790 | 42,25 | 1.54 | 15.5 | П+4 |

- **Детален урбанистички план за блок 6 (6.1 и 6.2) Гевгелија –Мрзенски рид**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина | Процент на изграденост % | Коеф. на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 6.1.39 | 900 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 459 | 918 | 49,8 | 1.02 | 7.2 | П+1+Пк |
| 2 | 6.1.40 | 968 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 390 | 780 | 40,2 | 0.81 | 7.2 | П+1+Пк |
| 3 | 6.1.41 | 864 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 405 | 810 | 46,8 | 0.94 | 7.2 | П+1+Пк |
| 4 | 6.1.42 | 938 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 417 | 834 | 44,4 | 0.89 | 7.2 | П+1+Пк |
| 5 | 6.1.43 | 1062 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 470 | 470 | 44,2 | 0.44 | 4.2 | П+Пк |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | 6.1.45 | 859 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 416 | 832 | 48,43 | 0.97 | 7.2 | П+1+Пк |
| 7 | 6.1.46 | 843 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 406 | 812 | 48,16 | 0.96 | 7.2 | П+1+Пк |
| 8 | 6.1.47 | 1010 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 497 | 497 | 49,21 | 0.49 | 4.2 | П+Пк |
| 9 | 6.1.48 | 1065 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 520 | 520 | 48,83 | 0.49 | 4.2 | П+Пк |
| 10 | 6.1.49 | 862 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 413 | 826 | 49,91 | 0.96 | 7.2 | П+1+Пк |
| 11 | 6.1.50 | 831 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 399 | 798 | 48,01 | 0.96 | 7.2 | П+1+Пк |
| 12 | 6.1.51 | 723 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 354 | 708 | 48,96 | 0.98 | 7.2 | П+1+Пк |
| 13 | 6.1.52 | 938 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 457 | 914 | 48,72 | 0.97 | 7.2 | П+1+Пк |
| 14 | 6.1.53 | 721 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 323 | 646 | 44,80 | 0.90 | 7.2 | П+1+Пк |
| 15 | 6.1.57 | 1269 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 562 | 562 | 44,29 | 0.44 | 4.2 | П+Пк |
| 16 | 6.1.59 | 729 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 355 | 710 | 48,70 | 0.97 | 7.2 | П+1+Пк |
| 17 | 6.1.60 | 1356 | А0 домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 603 | 603 | 44,47 | 0.44 | 7.2 | П+Пк |
| 18 | 6.1.238 | 20282 | Б5 Хотелски комплекси | КП бр.1/1 КО Мрзенци | 14104 | 70520 | 69,53 | 3.47 | 16.0 | П+4 |
| 19 | 6.2.2 | 16366 | Б3 Големи угостит.единици | КП бр.1/1 КО Мрзенци | 12253 | 36759 | 75,00 | 2.25 | 12.0 | П+2 |
| 20 | 6.2.3 | 4151 | Б2 Големи трговски единици | КП бр.1/1 КО Мрзенци | 2588 | 12940 | 62,00 | 3.12 | 16.0 | П+4 |

- **Детален урбанистички план за Блок 9 (9.1 и 9.2) Гевгелија**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развина површина | Процент на изграденост % | Коеф.на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 9.1.3 | 339 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/1 КО Гевгелија | 199 | 796 | 58,70 | 2.34 | 10.2 | П+2+Пк |
| 2 | 9.1.4 | 379 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/1 КО Гевгелија | 229 | 916 | 60,42 | 2.41 | 10.2 | П+2+Пк |
| 3. | 9.1.7 | 444 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/1 КОГевгелија | 227 | 908 | 51,13 | 2.04 | 10.2 | П+2+Пк |
| 4 | 9.1.8 | 535 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/1 КОГевгелија | 292 | 1168 | 54,58 | 2.18 | 10.2 | П+2+Пк |
| 5 | 9.1.9 | 535 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/1 КОГевгелија | 292 | 1168 | 54,58 | 2.18 | 10.2 | П+2+Пк |
| 6 | 9.1.10 | 535 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/1 КОГевгелија | 292 | 1168 | 54,58 | 2.18 | 10.2 | П+2+Пк |
| 7 | 9.1.11 | 535 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/1 КОГевгелија | 292 | 1168 | 54,58 | 2.18 | 10.2 | П+2+Пк |
| 8 | 9.1.12 | 535 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/1 КОГевгелија | 292 | 1168 | 54,58 | 2.18 | 10.2 | П+2+Пк |
| 9 | 9.1.13 | 426 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/1 КОГевгелија | 214 | 856 | 50,23 | 2.00 | 10.2 | П+2+Пк |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 9.1.33 | 288 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/90 КОГевгелија | 161 | 644 | 55,90 | 2.23 | 10.2 | П+2+Пк |
| 11 | 9.1.42 | 304 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/72 КОГевгелија | 173 | 692 | 56,90 | 2.27 | 10.2 | П+2+Пк |
| 12 | 9.1.59 | 335 | А1 Домување во станбени куќи | КП.бр.399/3 КОГевгелија | 198 | 792 | 59,10 | 2.36 | 10.2 | П+2+Пк |
| 13 | 9.1.60 | 355 | А1 Домување во станбени куќи | КП.бр.399/4 КОГевгелија | 209 | 836 | 58,87 | 2.35 | 10.2 | П+2+Пк |
| 14 | 9.1.71 | 315 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 179 | 716 | 56,83 | 2.27 | 10.2 | П+2+Пк |
| 15 | 9.1.72 | 432 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 191 | 764 | 44,21 | 1.76 | 10.2 | П+2+Пк |
| 16 | 9.1.77 | 309 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 178 | 712 | 57,60 | 2.30 | 10.2 | П+2+Пк |
| 17 | 9.1.89 | 571 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 336 | 1344 | 58,84 | 2.35 | 10.2 | П+2+Пк |
| 18 | 9.1.93 | 641 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/59 КОГевгелија | 316 | 1264 | 49,30 | 1.97 | 10.2 | П+2+Пк |
| 19 | 9.1.94 | 701 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/58 КОГевгелија | 316 | 1264 | 45,08 | 1.80 | 10.2 | П+2+Пк |
| 20 | 9.1.95 | 704 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/57 КОГевгелија | 320 | 1280 | 45,45 | 2.15 | 10.2 | П+2+Пк |
| 21 | 9.1.102 | 685 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/20 КОГевгелија | 368 | 1473 | 53,72 | 2.15 | 10.2 | П+2+Пк |
| 22 | 9.1.106 | 461 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/23 КОГевгелија | 239 | 956 | 51,84 | 2.07 | 10.2 | П+2+Пк |
| 23 | 9.1.108 | 588 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/23 КОГевгелија | 270 | 1080 | 45,92 | 1.83 | 10.2 | П+2+Пк |
| 24 | 9.1.113 | 464 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/39 КОГевгелија | 213 | 852 | 45,91 | 1.83 | 10.2 | П+2+Пк |
| 25 | 9.1.114 | 616 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.399/39 КОГевгелија | 255 | 1020 | 41,40 | 1.65 | 10.2 | П+2+Пк |
| 26 | 9.1.168 | 733 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/29 КОГевгелија | 340 | 1360 | 46,38 | 1.85 | 10.2 | П+2+Пк |
| 27 | 9.1.171 | 754 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/32 КОГевгелија | 324 | 1296 | 42,97 | 1.71 | 10.2 | П+2+Пк |
| 28 | 9.2.3 | 447 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 225 | 900 | 50,33 | 2.01 | 10.2 | П+2+Пк |
| 29 | 9.2.4 | 456 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 233 | 932 | 51,09 | 2.04 | 10.2 | П+2+Пк |
| 30 | 9.2.5 | 442 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 222 | 888 | 55,23 | 2.00 | 10.2 | П+2+Пк |
| 31 | 9.2.6 | 476 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 249 | 996 | 52,31 | 2.09 | 10.2 | П+2+Пк |
| 32 | 9.2.7 | 517 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 280 | 1120 | 54,16 | 2.16 | 10.2 | П+2+Пк |
| 33 | 9.2.8 | 674 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.392/104 КОГевгелија | 218 | 872 | 32,34 | 1.29 | 10.2 | П+2+Пк |
| 34 | 9.2.1 | 3116 | Б2 Големи трговски единици | КП бр.392/104 КОГевгелија | 1691 | 6764 | 54,26 | 2.17 | 15.0 | П+3+Пк |
| 35 | 9.2.2 | 4326 | Б3 Големи угостит. единици | КП бр.392/104 КОГевгелија | 2868 | 4589 | 66,29 | 1.06 | 9.0 | П+1 |
| 36 | 9.2.154 | 16328 | Д3 Спорт и рекреација | КП бр.392/104 КОГевгелија | 11131 | 7792 | 68,17 | 0.47 | 9.0 | П |

- **Детален урбанистички план за блок 10 (10.1; 10.3; 10.4 и 10.5) Гевгелија**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развина површина | Процент на изграденост % | Коеф. на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 10.1.5 | 11800 | Б2 Големи трговски единици | КП бр.14/1 КО Мрзенци | 4750 | 16625 | 40,25 | 1.40 | 16.0 | П+4 |
| 2 | 10.5.9 | 2027 1460 (повеќе од 70%сопств. на РСМ се предмет на отуѓување | Б2- Големи трговски единици | КП бр.2188/4, 2188/5, 2175/4 КО Гевгелија | 1010 | 3535 | 49,83 | 1.74 | 16.0 | П+4 |

- **Детален урбанистички план за блок 12 Гевгелија**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруторазвина површина | Процент на изграденост % | Коеф. на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 12.03.17 | 11900 | Г2- Лесна индустрија | КП бр.4007 КО Гевгелија | 7649 | 30940 | 64,00 | 2.60 | 16.0 | УП |
| 2 | 12.05.01 | 3383 | Е2-Станица за технички преглед | КП бр.2072 КО Гевгелија | 1758 | 3484 | 52,00 | 1.03 | 8.0 | УП |

- **Детален урбанистички план за блок 14 (14.1 и 14.2) Гевгелија**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развина површина | Процент на изграденост % | Коеф. на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 14.2.29 | 3676 | Г2- Лесна индустрија | КП бр.6727/1 КО Гевгелија | 2024 | 4250 | 55,06 | 1.16 | 12.0 | П+2 |
| 2 | 14.2.30 | 4781 | Г2 Лесна индустрија | КП бр.6727/1 КО Гевгелија | 2939 | 6159 | 61,47 | 1.29 | 12.0 | П+2 |

- **Детален урбанистички план за Стопанска зона „Блокотехна“-Негорци**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развина површина | Процент на изграденост % | Коеф. на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 22.02 | 665,57 | Г4 -Стоваришта, складови и отпади | КП бр.4701/1, 4701/15 КО Негорци | 244,44 | 733,32 | 36,72 | 1.10 | 10.0 | П+2 |
| 2 | 24.02 | 1138 | Г4.1Стоваришта, складови и отпади | КП бр.4695/1, 4695/3 КО Негорци | 548,48 | 1621,44 | 47,50 | 1.42 | 10.0 | П+2 |

- **Урбанистички план за село Прдејци**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развина површина | Процент на изграденост % | Коеф.на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1.1 | 5688 | Г2- Лесна индустрија | КП 2455/4;2455/6 КО Прдејци | 3982 | 5972 | 70,00 | 1.05 | АУП | П;П+1 |
| 2 | 1.2 | 10065 | Г2 -Лесна индустрија | КП бр.2455/6 КО Прдејци | 7046 | 10568 | 70,00 | 1.05 | АУП | П;П+1 |
| 3 | 1.3 | 7487 | Г2 -Лесна индустрија | КП бр.2455/6 КО Прдејци | 5241 | 7867 | 70,00 | 1.05 | АУП | П;П+1 |
| 4 | 1.4 | 7367 | Г2 -Лесна индустрија | КП бр.2455/6 КО Прдејци | 5157 | 7795 | 70,00 | 1.05 | АУП | П;П+1 |
| 5 | 1.5 | 7276 | Г2 -Лесна индустрија | КП бр.2455/6 КО Прдејци | 5093 | 7640 | 70,00 | 1.05 | АУП | П;П+1 |
| 6 | 3.2 | 2550 | Г2 -Лесна индустрија | КП 1175/1;2455/6; 2455/3 КО Прдејци | 1670 | 2505 | 65,49 | 0.98 | АУП | П;П+1 |
| 7 | 16.2 | 4630 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.1370 КО Прдејци | 2848 | 5696 | 61,50 | 1.23 | 7.20 | П+1 |

- **Урбанистички план за село Богородица**

| Реден број | Број на градежна парцела во м2 | Вкупна површина на градежна парцела | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Површина за градба во м2 | Бруто развина површина | Процент на изграденост % | Коеф. на искорист. | Максимална дозволена висина-кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5.98 | 1034 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.1116/1 КО Богородица | 657 | 1840 | 63,54 | / | 10.20 | П+2+Пк |
| 2 | 5.99 | 916 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.1116/1 КО Богородица | 540 | 1512 | 58,45 | / | 10.20 | П+2+Пк |
| 3 | 5.100 | 1103 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.1116/1 КО Богородица | 625 | 1750 | 56,66 | / | 10.20 | П+2+Пк |
| 4 | 5.101 | 1067 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.1116/1 КО Богородица | 624 | 1747 | 58,48 | / | 10.20 | П+2+Пк |
| 5 | 5.127 | 1014 | А1 Домување во станбени куќи | КП бр.1116/1 КО Богородица | 609 | 1705 | 60,06 | / | 10.20 | П+2+Пк |

## 3.Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа програма

Во рамките на Програмата за активностите на Општина Гевгелија се предвидува спроведување на информативни кампањи за продажба на градежно земјиште.

Врз основа на Програмата за секоја кампања, пристапот ќе се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

Кампањите ќе се реализираат преку јавни медиуми, Веб страна на општината, соопштенија за јавност и други промотивни материјали.

## 4. Динамика и реализација на Програмата

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени места, урбани блокови или локалитети.

Со објавата ќе се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на банкарската гаранција за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши наддавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останатите релевантни информации во врска со наддавањето.

За реализација на програмата ќе се користи веб страната на општина Гевгелија и веб страната која се користи за објавување, аплицирање и спроведувањето на електронското јавно надавање, www.gradezno-zemjiste.mk, локалните ТВ и радио медиуми, социјални мрежи, и ќе се користат и дневните печатени медиуми што е и законска обврска.

- **Пропишување на условите за наддавање**

Постапката за отуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско јавно наддавање на интернет страницата www.gradezno-zemjiste.mk со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

- два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и
- Службен весник на Република Северна Македонија.

Учеството на јавното наддавање заинтересираните правни и физички лица го потврдуваат со пополнување на пријава за учество на јавно наддавање по електронски пат. Кон пријавата задолжително се приложува банкарска гаранција за сериозност на понудата во износ од 100% до 500% од вкупната почетна цена на градежното земјиште, но не помалку од 30.000,00 денари, која ќе биде активирана доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата во рок од 15 дена од добивање на известувањето за избор на најповолен понудувач и нема да се пристапи кон склучување на договор.

Електронското јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник, а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште.

Во постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на јавно наддавање, висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста на градежното земјиште изнесува 10% од минималната почетна цена по метар квадратен, но не помалку од 10,00 денари со заокружување до најблискиот број во случаите кога висината на минималниот чекор претставува децимален број.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање не може да биде пократок од 20 календарски денови ниту подолг од 60 денови, во зависност од категоријата на објектот сметајќи од денот на објавувањето до денот на поднесување на пријава за земјиштето.

Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата во утврдениот рок и не ја достави целокупната документација во утврдениот рок, ќе се смета дека градежното земјиште не е отуѓено, нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.

- **Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

Постапките за отуѓување или давање под закуп на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија ќе ги спроведува Комисија за спроведување на постапки за отуѓување или давање под закуп на градежното земјиште по пат на јавно наддавање формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, кои задолжително треба да поседуваат овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија и Одделението за располагање со државно градежно земјиште при општина Гевгелија.

**5. Проценка на финансиски приливи по основ на реализација на Програмата**

- Индивидуално домување (А1) .................................................. 1.800.000,00 ден.
- Колективно домување (А2) ............................................................ 3.000.000,00 ден.
- Деловна и комерцијална намена (Б) ................................................ 14.200.000,00 ден.
- Лесна индустрија (Г)........................................................................ 1.117.637,00 ден.

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Вкупно приходи: 20.117.637,00 ден.

Предвидувањата за финансискиот прилив од реализација на Програмата произлегуваат од претходните постигнати цени и вкупната површина на сите слободни градежни парцели согласно намената и зоната на градежните парцели во износ денари.

Согласно член 18 став 2 од Законот за градежно земјиште, средствата од отуѓувањето на градежното земјиште сопственост на РСМ, се уплатуваат на посебна сметка во рамки на трезорската сметка.Приходите од овие средства се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за општина Гевгелија.

**6. Проценка на финансиски средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценети финанскиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување односно давање под закуп на градежното земјиште
- Изработка на геодетски елаборати,
- Трошоци за прибавување на документи за отпочнување на постапките и објавување.

Се предвидуваат 300.000.00 денари за реализација на Програмата кои средства ќе се обезбедат од буџетот на општина Гевгелија.

**7. Преодни и завршни одредби**

Програмата ја усвојува Советот на општина Гевгелија.

Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија може да се изменува и дополнува на начин и постапка по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1601/1
26.12.2024 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

**с.р.**